**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 27 -03- 2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 1489/1 | | |

А. бр. 113-3/12
Скопје, 26.03.2012 година.

**До**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Во прилог на писмото Ви доставуваме примерок од Годишниот извештај за работата на Советот на јавните обвинители на Република Македонија за 2011 година.

Со почит,

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Костадин Кизов**

Прилог: Годишен извештај за 2011 година.

ул. "Вељко Влаховиќ" бр.26, кат 4 , Скопје
тел. . 02/ 3207-480 факс02/ 3207-482

**REPUBLIKA MAKEDONIJA**
**SOVET NA JAVNITE OBVINITELI NA REPUBLIKA MAKEDONIJA**

# Г О Д И Ш Е Н  И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА

## РАБОТАТА НА
## СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## за 2011 година

**Февруари 2012 година**

СОДРЖИНА:

ВОВЕД........................................................................................................3

I. СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ..........................................................................3

II. ИЗБОРИ И ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈА............................................ 4

III. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПОПЛАКИ..............................6

IV. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ............................................................7

V. ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ ..................................................................7

VI. МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА.......................................8

-

Советот на јавните обвинители на Република Македонија основан согласно Уставот на Република Македонија и Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македониј како значајна новина во стратегијата за реформа на правосудниот систем и во текот на 2011 година продолжи со своите активности насочени кон остварувањето на основната цел – обезбедување и јакнење на самостоноста на јавните обвинители во извршување на нивната функција.

Законската поставеност на Советот посебно чл.2, дека тој ја гарантира и обезбедува самостојноста на јавните обвинители е негова обврска и во иднина да ја афирмира јавнообвинителската функција и нејзиното непристрасно и објективно извршување посебно во услови кога со новиот Закон за кривична постапка јавниот обвинител ќе добие сосема нова, многу позначајна улога и надлежност како странка во постапката, посебно во делот на истражната постапка.

Овој извештај за работа на Совеот, имајќи ја во вид содржината на обврските и овласувањата утврдени со Закон, нема аналитички пристап кон обработката и прикажувањето на податоците, туку единствено има за цел реално да ги прикаже сите активности на Советот во текот на извештајната година.

Согласно чл.13 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија, овој извештај по неговото усвојување на седница на Советот се поднесува до Собранието на Република Македонија.

## I - СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ

Во текот на 2011 година, Советот на јавните обвинители на Република Македонија како колективен орган постапувајќи согаласно Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија и Деловникот за работа на Советот одржа вкупно 29 седници или нешто помалку од 3 седници во месецот на кои разгледуваше, расправаше и одлучуваше по низа прашања кои по содржина биле од најразлична природа.

Така на седниците на Советот, Советот меѓу другото :

- го донесе Годишниот извештај за работа на Советот за 2010 година.
- донесе Програмна за работа на Советот за 2011 година,
- го донесе и усвои Стратешкиот план со целите за развој за периодот од 2011 година заклучно со 2013 година,
- донесе две одлуки на две посебни седници за измена на одлуката за определување на бројот на јавните обвинители на јавните обвинителства и јавни обвинители во јавни обвинителства, така што на 85 Седница одржана во текот на месец март зголемен беше бројот за еден јавен обвинител, а на 105 Седница одржана во текот на месец декември **бројот на јавните обвинители беше зголемен за уште 10 јавни обвинители со што бројот на јавните обвинители НА и ВО јавните обвинителства е утврден на вкупно 221 јавен обвинител,**
- разгледуваше информации за одредени настанати проблеми во работењето на одредени јавни обвинителства,
- на посебна седница беше разгледана матријално – финансиската состојба на Советот при што беа утврдени мерки и начини за нејзнио разрешување,
- разгледуваше прашања поврзани со контактите и соработката со Судскиот совет на Република Македонија, Академијата за судии и јавни обвинители на РМ и други сродни институции,
- по оценка на членовите на Советот и претседателот на Советот беа разгледувани и заземани ставои по одредени поднесени претставки и пополаки,
- ги разгледа Годишните извештаи за работа за 2010 година, Годишните распореди за работа за 2011 година и Програмите за работа за 2011 година на сите Јавни обвинителства на сите нивоа во Република Македонија,
- ги разгледа односно се запозна со изготвените оценки на јавните обвинители во Основните јавни обвинителства,
- разгледуваше и други прашања од административно – организациона природа,
- прашња поврзани од потребите за јавни набавки,
- прашања поврзани со Меѓународната соработа на Советот, како и
- други прашања кои тековно се јавуваа.

Секако дека централно место во работењето на Советот беа прашања за изборите и разрешувањата на јавните обвинители. Во таа насока Советот на повеќе седници ја имаше на дневен ред реализацијата на сите прашања поврзани со изборите , утврдување на бројот на јавно обвинителските места, бројот на непополнети обвинителски места, како и распишување и објавување на огласи за нивно пополнување.

## I I - ИЗБОРИ И ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА

- ИЗБОРИ

Во текот на 2011 година Советот на јавните обвинители на Република Македонија, по претходно поднесено писмено барање на еден јавен обвинител на кого му истече мандатот согласно чл.94 од Законот за јавното обвинителство, го избра за јавен обвинител без ограничување на мандатот.

Со изборот на овој јавен обвинител остана да се изврши трансформација на мандатите на уште двајца јавни обвинители, со што конечно ќе заврши процесот на трансформација на мандатите на јавните обвинители во рамките на целокупната јавно обвинителска организација.

Во извештајната година Советот, распиша и објави огласи за избор на вкупно 23 јавни обвинители во повеќе јавни обвинителства.

По спроведената постапка Советот изврши избор на 18 јавни обвинители и тоа:

| | |
|---|---|
| Јавно обвинителство на Република Македонија | / |
| Јавни обвинители на Вишите јавни обвинителства | / |
| Јавни обвинители во Вишите јавни обвинителства | 2 |
| Јавни обвинители во ОЈО за организиран криминал и корупција | / |
| Јавни обвинители на Основните јавни обвинителства | 4 |
| Јавни обвинители во Основните јавни обвинителства | 12 |
| ВКУПНО | 18 |

Од вкупниот број на избрани јавни обвинители – 18 , пет (5) од нив се избрани од редот на кандидатите со завршена обука во Академијата за судии и јавни обвинители.

Вредно е да се напомени дека во текот на 2011 година беа извршени измени во Законот за Советот на јавните обвинители на република Македонија со тоа што Министерот за правда на Република Македонија, повеќе не е член на Советот на Јавните обвинители на Република Македонија.

Токму од тие причини Собранието на Република Македонија по претходно спроведена постапка по распишан оглас изврши избор на еден Член на Советот на јавните обвинители на Република Македонија кој всушност го заседе местото на Министерот за правда на Република Македонија.

Исто така, Советот на јавните обвинители на Република Македонија спроведе постапка за избор на еден член на Советот од подрачјето на Вишто јавно обвинителство Штип, бидејќи членот на Советот од тоа подрачје во меѓувреме по сопствено барање ги напушти редовите на Советот.

Од причини што на еден член на Советот во текот на 2011 година му престана членството во Советот, поради исполнување на законските услови за старосна пензија, Советот отпочна постапка за избор на член на Советот од редот на јавните обвинители од Јавното обвинителство на Република Македонија, која што постапка е во тек.

- Престанок на функцијата и разрешување

Во извештајната година Советот со одлука констатира престанок на функцијата јавен обвинител на пет (5) јавни обвинители кои ги исполнија условите за старосна пензија во согласност со Законот за еден (1) јавен обвинител беше донесена одлука за престанок на функцијата јавен обвинител по негово барање и за три (3) јавни обвинители одлуката за престанок беше донесена поради нивно заминување на извршување на друга функција.

Извештајната година немаше случај да биде донесена одлука за разрешување на јавни обвинители поради нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител или недостојно однесување во врска со вршењето на функцијата, предвидени како потешка

дисциплинска повреда предвидена согласно Законот за јавното обвинителство.

По спроведените постапки и извршениот избор на јавни обвинители и констатираниот престанок на функцијата јавен обвинител, состојбата со пополнети и непополнети јавно обвинителски места согласно Одлуката за вкупниот број на јавни обвинители на јавните обвинителства и јавни обвинители во јавното обвинителство на Република Македонија и подрачјата на Вишите јавни обвинителства е следна:

| Utvrden broj na Javni obviniteli | | Popolneti | % | nepopolneti | % |
|---|---|---|---|---|---|
| JORM | 12 | 11 | 91,6 | 1 | 8,4 |
| VJO SKOPJE | 115 | 110 | 95,6 | 5 | 4,4 |
| VJO BITOLA | 39 | 36 | 89,7 | 3 | 10,3 |
| VJO GOSTIVAR | 21 | 19 | 90,5 | 2 | 9,5 |
| VJO {TIP | 34 | 33 | 97,1 | 1 | 2,9 |
| Вkupno | 221 | 209 | 94,6 | 12 | 5,4 |

Од податоците во табелата може да се заклучи дека од вкупно 221 јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Македонија на сите нивоа пополнети се 209, а останале како непополнети на крајот на годината места за 12 јавни обвинители.

Во тек е постапка по објавени огласи за избор на 10 јавни обнвинители чии избор ќе треба да се изврши во текот на 2012 година со што ќе се изврши скоро целосна пополнетост на сите јавни обвинителски места.

Вредно е да се напомени и тоа дека Советот како второстепен орган во рамките на постапката утврдена во Правилникот за утврдување на начинот за оцена на работата на јавните обвинители расправаше и одлучуваше по 13 поднесени писмени барања за спроведување постапка за повторно оценување на работата на јавните обвинители кои изразија незадоволство од донесената оценка.

## III ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПОПЛАКИ

Советот на јавните обвинители на Република Македонија, согласно чл.9 од Законот за Советот кој го регулира прашањето за надлежностите на Советот во текот на 2011 година постапуваше по претставки и поплаки поднесени од граѓани и правни лица кои изразиле незадоволство од работата на јавните обвинители.

Во текот на 2011 година до Советот беа поднесени вкупно 74 претставки и поплаки заведени во уписникот РО, а Советот постапуваше и по 6 претставки кои останале во работа од претходната година или вкупно се постапувало по 80 претставки и поплаки.

Споредено со претходната 2010 година кога биле примени и се постапувало по вкупно 106 претставки, во извештајната година се забележува намалување за 32 претставки или 30,2 %.

Структурата на подносителите на претставките и поплаките е следна:

| PODNESENI PRETSTAVKI ВО 2011 год. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | % | zavr[eni (а/а) | % | vo rabota | % |
| Fizi~ki lica | 62 | 83,8 | 56 | 90,1 | 6 | 9,9 |
| Pravni lica | 6 | 8,1 | 4 | 66,6 | 2 | 33,4 |
| Анонимни | **6** | 8,1 | 6 | 100 | **-** | **-** |
| Вкупно | **74** | **100** | **66** | **89,2** | **8** | **10,8** |

Постапувајќи по претставки Советот во согласност со утврдената надлежност врши проверки на наводите или постапува во согласност чл.21 од Законот за јавното обвинителство барајќи од непосредно

повисоките јавни обвинителства да извршат надзор и контрола по конкретен предмет.

Сите претставки кои се во работа се претставки примени во текот на 2011 година.

Структурата и бројот на претставките по конкретни јавни обвинителства и по подрачја на вишите јавни обвинителства е следната:

| Јавни овинителства | вкупно | % |
|---|---|---|
| ОЈО Скопје | 18 | |
| ОЈО Гевгелија | 1 | |
| ОЈО Крива Паланка | 4 | |
| ОЈО Велес | 4 | |
| ОЈО Куманово | 3 | |
| ОЈО Кавадарци | 3 | |
| Вкупно за подрачјето на ВЈО Скопје | 33 | 44,6 |

| | | |
|---|---|---|
| ОЈО Битола | 7 | |
| ОЈО Прилеп | 1 | |
| ОЈО Охрид | 4 | |
| ОЈО Ресен | 1 | |
| Вкупно за подрачјето на ВЈО Битола | 13 | 17,6 |

| | | |
|---|---|---|
| ОЈО Тетово | 3 | |
| ОЈО Кичево | 6 | |
| ОЈО Гостивар | 5 | |
| Вкупно за подрачјето на ВЈО Гостивар | 14 | 18,9 |

| | | |
|---|---|---|
| ОЈО Штип | 5 | % |
| ОЈО Струмица | 6 | |
| ОЈО Св.Николе | 1 | |
| ОЈО Берово | 1 | |
| ОЈО Радовиш | 1 | |
| Вкупно за подрачјето на ВЈО Штип | 14 | 18,9 |

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно се** | **74** | **100 %** |

Од наведените показатели се заклучува дека најзастапени се претставките кои се однесуваат за работата на јавните обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје што е сосема логично имајќи го предвид фактот дека на ова подрачје функцијата јавен обвинител ја извршуваат најмногу јавни обвинители – 115 од вкупно 221 јавен обвинител во рамките на целата јавно обвинителска организација.

Од податоците се согледува дека сите претставки се поднесени во врска со работењето на основнаите јавни обвинителства.

Во извештајната година нема поднесено претставки за работењето на Јавното обвинителство на Република Македонија, Вишите јавни обвинителства Скопје, Битола, Штип и Гостивар ,Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Основните јавни обвинителства Дебар, Струга, Кочани и Делчево.

## IV МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во насока на реализација на програмата за работа на Советот на јавните обвинители на Република Македонија за 2011 година на планот на меѓународната соработка, Советот реализира повеќе активности, така што:

Во текот на месец март Советот преку свои претставници оствари посета на Европскиот суд на правдата во Луксембург, каде се запозна со организацијата, надлежностите и начинот на функционирање на тој суд.

Истиот месец, претседателот на Советот оствари посета на Република Туција со посета на високи правосудни институции со цел запознавање со функционирањето на правосудниот систем на Република Турција.

Во месец април Советот преку свој претставници реализира посета на судот за човекови права во Стразбур – Република Франција.

Исто така, во месеците мај и ноември, претседателот на Советот изврши посета на Загреб и Белград кдаде присуствуваше на потпишувањето на билатералните договори склучени помеѓу Република Македонија и Република Хрватска и Република Македонија и Република Србија за екстрадиција на сопствени државјани – сторители на кривични дела.

Во текот на месец септември, Советот во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители на Република Македонија, организираше работилница на тема „Односот помеѓу јавните обвинители и Полицијата" на која присуствуваа еминентни правни експерти од земјата и од Република Италија и Германија.

Во текот на месец декември, исто така, во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители на Република Македонија Советот организираше работилница на тема „Надлежноста на Советите на јавните обвинители – компаративна анализа" на која исто така присуствуваа еминентни правни експерти од Шпанија, Италија и Португалија, а на која беа разменети искуства поврзани со проблемите предностите и други прашања во врска со функционирањето на Советите.

Во текот на 2011 година во просториите на Советот на јавните обвинители на Република Македонија, примена е во посета делегација на Американската амбасада и OSCE , при што на средбата беа запознати со функционирањето на Советот на јавните обвинители на Република Македонија и проблемите со кои истиот се соочува.

## V ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ

Советот на јавните обвинители на Република Македонија во 2011 година непосерно и активно со свои претставници, беше вклучен и учествуваше во проектите на Министерство за правда на Република Македонија за измени на Законот за советот на јавните обвинители на Република Македонија, Законот за јавното обвинителство и Законот за адвокатура.

Одредени член ови на советот во текот на годината беа вклучени со свои активности во органите и телата на Акаедемијата за судии и јавни обвинители на Република Македонија.

## VI МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА

Во поглед на материјално-финансиската состојба на Советот, во овој извештај м,оже да констатираме дека Советот и понатаму нема сопствен буџет, дека тој е дел од буџетската програма на јавното обвинителство на Република Македонија кое нешто подразбира соочување со недостаток на финансиски средства како основа за отстранување на проблемите и пречките за реализација на активностите предвидени согласно Програмата за работа на Советот.

Општа е констатацијата дека Советот во текот на 2011 година и покрај објективните потешкотии од материјално-финансиска состојба, успешно ги реализира законските обврски особено на планот на изборот на јавните обвинители.

Советот на јавните обвинители како и претходните години ќе донесе Програма за работа на Советот за 2012 година, во која ќе ги предвиди сите приоритети на кои Советот ќе треба да обрне внимание заради успешно извршување на законските надлежности и во 2012 година.

Сигурно меѓу другот како приоритети ќе бидат утврдени:

- унапредување на стратегијата за избори на јавните обвинители, поврзани со почетокот на имплементацијата на Законот за кривична постапка,
- ажурирање на персоналните листи за секој јавен обвинител,
- унапредување на соработката со Академијата за судии и јавни обвинители на Република Македонија, Судскиот совет на Република Македонија, како и други сродни институции во земјата, регионот и пошироко.

Сигурно како и претходните години и во наредниот период ќе бидат вложени напори за конечно дефинирање на буџетскиот статус на Советот и обезбедување на материјално-финансиски средства со што ќе се овозможи ефикасно функционирање на Советот.

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА